# CURRICULUM VITAE

# ВИЛМА УЧЕТА ДУЗЛЕВСКА




Вилма Учета Дузлевска ја извршува функцијата Главен Извршен Директор во Кроациа Осигурување АД –Друштво за осигурување на живот по седум годишно работно искуство на раководни места во Друштвото, и тоа:

- 2008/2009 година на позиција Шеф на Кабинет на Главен извршен Директор со опсег на менаџирање на вработените на работни позиции систематизирани во рамки на Кабинетот на Главниот Извршен Директор, а поврзано со кадрови, правни, општи и посебни работи.
- 2009/2010 година на позиција Директор на Сектор продажба на животни осигурувања вршејќи и функција Шеф на Кабинет на Главен Извршен Директор определено со посебна Одлука на Орган на управување;
- 2010/2011 година на позиција Директор на Сектор за планирање, развој и продажба на животни осигурувања вршејќи и функција Шеф на Кабинет на Главен Извршен Директор определено со посебна Одлука на Орган на управување;
- 01.01.2012 до денес на позиција Главен Извршен Директор, со најшироки овластувања да ги врши сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на Директори и вршењето на тековните активности на Друштвото и да дејствуваат во сите околности од името на Друштвото со посебна Одлука усвоена од Одборот на Директори и Собранието на Акционери на Друштвото.

Пред кариерата во осигурителната индусртија г-ѓа Учета Дузлевска работи како бренд менаџер за Samsung Austria (за што освоила награда Samsung за најдобар продавач), соработник за продажба на IBM опрема и слично. Вилма Учета Дузлевска дипломирала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот СВ. Кирил и Методиј. Членка е на Одборот за осигурување на Стопанската комора на Македонија од 2012 година и членка на Стручниот бизнис свет на American College Skopje од 2014 година.